


На состанок кој се одржа во Граѓанскиот ресурсен центар на 12.06.2019 година, 8 граѓански организации потпишаа Договор за грант како дел од грантовата шема „ Партнерски грантови за организациски развој
“. На состанокот присуствуваа и претставници од партнерските организации кои ќе обезбедат менторска поддршка за добитниците на грант:

| бр. | Главен апликант | Град | Партнер |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Нексус – граѓански концепт | Скопје | Центар за управување |
| 2 | Здружение на правници „Лигал Тхинк“ | Штип | Фондација за развој на |
| 3 | Англунипе | Тетово | Асоцијација за демокра |
| 4 | ЦСРД Призма | Скопје | Форум ЦСИД |
| 5 | Здружение на граѓани Велес Бајкинг | Велес | Центар за економски а |
| 6 | Мрежа на млади фармери | Дебарца | Рурална коалиција |
| 7 | Здружение на граѓани „Нов мост“ | Прилеп | Здружение „Мировна а |
| 8 | Центар за образовни и развојни иницијативи ИНОВА ЛАБ | Битола | Здружение Младински |

Со помош на овие грантови малите организации кои делуваат на локално ниво со поддршка од своите партнерски организации, преку соработка и заедничко учење ќе ги зајакнат своите капацитети во период од 6 до 9 месеци. Тие ќе подготват стратешки планови, планови за прибирање на финансиски средства, планови за односи со јавност и други организациски документи, чија подготовка ќе биде проследена со зајакнување на своите капацитети преку работилници и обуки и нивна целосна вклученост во развојот на организациската структура на своите организации.

На повикот пристигна вкупно 31 апликација, од кои 19 ја поминаа административната проверка и проверка на подобност и беа бодувани од комисијата за квалитет.